**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**ЗА ЗАПИШАНИ И ПЛАТЕНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

**ОД ЈАВНА ПОНУДА**

Друштвото Агроплод АД Ресен известува дека на ден 28.04.2020 година заврши јавната емисија на хартии од вредност.

Јавната понуда на хартиите од вредност е одобрена со Решение на Комисијата за хартии од вредност бр.10-30 од 23.03.2020 година. Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност беше објавена во дневниот весник Нова Македонија на ден 14.04.2020 година, како и на веб страницата на берзата www.mse.mk на 14.04.2020 година, кога беше објавен и проспектот за запишување и уплата на хартиите од вредност.

На ден 28.04.2020 година, кој што беше и иницијален датум за запишување на акции во јавната понуда, од понудените 5455 обични акции во јавната понуда, продадени се вкупно 5455 обични акции, во вкупен износ од 73.806.150,00 ден, со што јавната понуда е реализирана со процент на реализација од 100%. Со ова се смета дека јавната понуда е завршена, од причина што нема повеќе акции кои можат да се нудат во оваа јавна понуда.

Хартиите од вредност ќе бидат пријавени за упис во трговскиот регистар и во депозитарот на хартии од вредност. Правата од хартиите од вредност настануваат по уписот на хартиите од вредност на сметка на сопственикот во депозитарот за хартии од вредност.

Датум
29.04.2020

**Агроплод АД Ресен за производство, преработка и промет увоз извоз со П.О**
**Томе Петковски**
**Генерален извршен директор**